Врз основа на член 56 став 1 точка 14, од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 77/2021 и 285/2021), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 11 август 2022 година донесе

Одлука
за определување на месечен надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа одлука се определува месечен надоместок за работа на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија

Член 2

За претседателот на Управниот одбор се определува месечен надоместок во износ од 12.000,00 денари.

За заменикот на претседателот на Управниот одбор се определува месечен надоместок во износ од 11.000,00 денари.

За членовите на Управниот одбор се определува месечен надоместок во износ од 10.000,00 денари.

Член 3

За секое отсуство од седница на Управниот одбор, на отсутниот член му се намалува надоместокот за работа за тој месец за 10%, доколку седницата била закажана во согласност со одредбите на Деловникот за работата на Управниот одбор.

Член 4

На присутните членови на Управниот одбор кои имаат место на живеење надвор од седиштето на Фондот, им се надоместуваат патните трошоци за секоја одржана седница, во висина од 15% од цената на горивото кое го користи возилото, за секој изминат километар.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување на месечен паушален надоместок за работата на членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (број 02-8089/5 од 7 јуни 2021 година).

Број: 02-12312/10
17.08.2022 2022 година
Скопје

УПРАВЕН ОДБОР/BORDI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Дејан Николовски

Изработил: Христо Трповски